Funded by
the European Union

FARM to FORK
ACADEMY

# Национална политика за одржливи прехранбени системи и егзистенција во руралните средини

*-Краток осврт кон политиките -*

Република Северна Македонија

Јуни 2025

Подготвено од: Александра Мартиновска Стојческа

„Академија од фарма до вилушка“ за зелен Западен Балкан - Проект „Нашата заедничка европска иднина“ финансиран од ЕУ

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Table of Contents


| | |
|---|---|
| Извршно резиме | 3 |
| I. Вовед | 4 |
| II. Методологија | 5 |
| III. Анализа на националниот вредносен синџир на храна | 7 |
| Национален политички контекст | 9 |
| VI.Анализа на перформансите (економски, социјални, еколошки) 12 | 11 |
| Економско влијание – краткорочна одржливост | 11 |
| Социјален импакт – среднорочна одржливост | 12 |
| Еколошко влијание – долгорочна одржливост | 13 |
| V. Национални предлог- политики за одржливи синџири на храна | 16 |
| Препораки за подобрување на рамката за пчеларскиот вредносен синџир | 16 |
| VI. Заклучок | 18 |
| VII. Референци | 19 |

# Извршно резиме

Овој документ со предлог-политики е развиен во рамките на регионалната иницијатива „Академија Од фарма до виљушка за Зелен Западен Балкан – Нашата заедничка европска иднина“, која има за цел да ја поддржи транзицијата кон одржливи прехранбени системи во согласност со Зелената агенда на Европската Унија и целите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП). Општата цел на проектот е зајакнување на националните и регионалните капацитети за проценка и унапредување на синџирите на вредност во прехранбениот сектор користејќи партиципативен пристап, врз основа на докази, со креирање на политики што промовираат економска одржливост, социјална инклузија и еколошка одржливост.

Во овој контекст, документот се фокусира на вредносниот синџир за медот во Северна Македонија како репрезентативен пример, со кој се прикажува практичната примена на анализата на одрживиот прехранбен синџир на вредност и дизајнот на политики. Додека претходните фази од проектот опфаќаа пошироко мапирање и анализа на синџирите на вредност за секторите грозје/вино и мед, овој документ се фокусира на производството на мед со цел да се илустрира како националните стратегии можат да се оформат користејќи ги десетте принципи на ФАО за развој на одрживи прехранбени синџири на вредност (SFVCD), особено првата фаза: Мерење на перформансите.

Секторот за мед има значајна улога во руралната економија и еколошкиот пејзаж на Северна Македонија. Пчеларството придонесува за продуктивноста на земјоделските култури преку опрашување и нуди можности за егзистенција, особено во планинските и руралните подрачја. Сепак, секторот се соочува со повеќе предизвици, вклучително и климатска ранливост, фрагментирана продукција, ограничена интеграција на пазарот и нефер трговски практики. Преку партиципативна методологија која вклучува консултации со национални експерти, работилници со засегнати страни и преглед на национални статистики и извештаи, овој документ ги оценува економските, социјалните и еколошките димензии на одржливоста во вредносниот синџир за медот.

Предлог- политиките за вредносниот синџир за медот вклучуваат подобрување на следењето на приходите, поддршка на инклузивно учество и промовирање на еколошки одржливи практики. Клучните активности опфаќаат воспоставување на индикатори за перформанси, поттикнување на сертификација и додавање дополнителна вредност на производите, како и зајакнување на производствените организации со цел обезбедување правична распределба на добивките и долгорочна отпорност.

Наодите имаат за цел да ги информираат носителите на одлуки за конкретни, базирани врз основа на докази, интервенции кои можат да ја зајакнат позицијата на малите производители, да го подобрат процесот на создавање вредност и да ја усогласат националната развојна политика на прехранбените синџири со целите за пристапување кон ЕУ и меѓународните стандарди за одржливост. Со фокус на вредносниот синџир за медот, овој документ исто така нуди реплицирачки модел за анализа и унапредување на други вредносни синџири во иднина.

# I. Вовед

Овој документ за предлог- политики е подготвен во рамките на регионалниот проект „Академија „Од фарма до виљушка“ за Зелен Западен Балкан – Нашата заедничка европска иднина“, кој ја поддржува усогласеноста на земјите од Западен Балкан со Зелената агенда на Европската Унија и целите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП). Севкупната цел на иницијативата е зајакнување на капацитетите на националните засегнати страни за креирање политики засновани на докази за одржливи прехранбени системи, преку партиципативни процеси и примена на меѓународно признати методологии.

Во согласност со оваа цел, документот се фокусира конкретно на вредносниот синџир за медот во Северна Македонија. Додека претходните фази од проектот опфатија анализа на повеќе синџири на вредност од стратешко значење, вклучувајќи ги грозјето/виното и медот, овој документ го става фокусот на медот како студија на случај за примена на водичот на ФАО „Развивање на одржливи прехранбени синџири на вредност: Водечки принципи“. Анализата, особено, ја нагласува фазата Мерење на перформансите, која ги оценува економските, социјалните и еколошките димензии на одржливоста.

Пчеларството претставува значаен сектор во руралната економија и еколошкиот систем на Северна Македонија. Како значаен сектор, придонесува не само преку директното производство на мед и сродни производи, туку и индиректно, преку зголемување на опрашувањето. Секторот има силен потенцијал за одржлив раст, особено во високопланинските и маргинализираните рурални подрачја, но истовремено се соочува со постојани предизвици- од климатска променливост и ниска продуктивност, до ограничен пристап до пазари и слабо организирани производители. Надминување на овие предизвици бара интегриран пристап што ќе ги земе предвид и структурните слабости на секторот и достапните политики инструменти за поддршка на неговиот развој.

Анализата презентирана во овој документ се базира на комбинација од националниот извештај од претходната фаза, консултации со експерти, дискусии од работилници и секундарни податоци. Се применува рамката на ФАО за да се одреди одржливоста на вредносниот синџир за медот и да се идентификуваат точки на интервенција за подобрување на неговите перформанси. Иако документот се фокусира на еден синџир на вредност, пристапот и наодите имаат за цел да придонесат кон пошироките национални стратегии за развој на одржливи прехранбени синџири и да обезбедат модел што може да се реплицира и во други сектори.

Со тоа, овој документ придонесува кон тековните напори на Северна Македонија и нејзините регионални партнери за зајакнување на отпорноста на прехранбениот систем, поддржување на егзистенцијата во руралните средини, и забрзување на зелената транзиција во согласност со приоритетите за европска интеграција. Документот е структуриран да води низ јасна и логична прогресија – од контекст до анализа и спроведливи предлог- политики. По воведот, кој ги опфаќа позадината и целите на документот, следниот дел ја претставува методолошката рамка, со детално објаснување на примената на рамката на ФАО и партиципативните процеси користени при вклучувањето на засегнатите страни.

Потоа се дава преглед на националниот контекст на прехранбените синџири на вредност, со посебен акцент на секторот за мед. Следната секција претставува анализа низ трите димензии на одржливост – економска, социјална и еколошка, по што следуваат насочени национални предлог- политики со цел зајакнување на отпорноста и одржливоста на синџирот на вредност за медот. Клучните наоди и истакнатите аспекти се сумирани во последната секција, со акцент на нивната релевантност за пошироките национални стратегии за прехранбениот систем.

# II. Методологија

Овој документ на предлог-политики ги интегрира **10-те принципи на ФАО за развој на одржливи прехранбени синџири на вредност (SFVCD)**, како што се наведени во прирачникот на ФАО „Развивање на одржливи прехранбени синџири на вредност – Водечки принципи“ (ФАО, 2014). Овие принципи служат како структурирана рамка за анализа и насочување на развојот на одржливи прехранбени синџири на вредност во шесте земји од Западен Балкан (6ЗБ), прилагодени на националните контексти.

Признавајќи ја единственоста на секој синџир на вредност, рамката на ФАО ги дели десетте меѓусебно поврзани принципи во три прогресивни и итеративни фази:

1. **Мерење на перформансите (Принципи 1–3):**
- Економска одржливост (профитабилност и долгорочна одржливост за сите засегнати страни)
- Социјална одржливост (правичност, инклузивност и социјална прифатливост)
- Еколошка одржливост (заштита на ресурсите и минимално еколошко нарушување)

2. **Разбирање на перформансите (Принципи 4–6):**
- Анализа на основните причини за недоволни перформанси
- Однесување на засегнатите страни и управување
- Усогласување со барањата на пазарот

3. **Подобрување на перформансите (Принципи 7–10):**
- Стратешко планирање и унапредување
- Можност за проширување
- Инклузивно вклучување на засегнатите страни низ сите сектори

За тековната фаза на изготвување на предлог- политиките, методологијата се фокусира првенствено на **Фаза 1: Мерење на перформансите,** што ја рефлектира моменталната подготвеност на политики на земјите од Западен Балкан (ЗБ6). Првите три принципи од SFVCD се фокусираат на мерење на перформансите на вредносниот синџир преку призмата на трите столба на одржливоста: економска, социјална и еколошка одржливост (ФАО, 2014). Овие димензии следат природен редослед на приоритети. Од економски аспект, синџирот на вредност мора да обезбеди одржана или зголемена профитабилност за сите засегнати страни; во спротивно, тој нема краткорочна одржливост. Од социјален аспект, мора да ја промовира инклузивноста и правичната распределба на вредноста, притоа

избегнувајќи неприфатливи практики како детски труд или несигурни работни услови, што се есенцијални за среднорочна одржливост. Од еколошки аспект, синџирот мора да создава вредност без да ги исцрпува природните ресурси, што е предуслов за долгорочна одржливост. Иако овие аспекти се разгледуваат одделно за поголема јасност, тие често се преклопуваат во практика, при што е потребно да се направат компромиси за исполнување на еволутивните пазарни стандарди кои ги опфаќаат сите три димензии. Сè повеќе, социјалните и еколошките перформанси не се само регулаторен услов, туку и стратешка предност, бидејќи можат да го подобрат пристапот до пазарот, усогласеноста и конкурентноста преку диференцијација (ФАО, 2014).

Оваа потенцирање е во согласност со тековните процеси на пристапување во ЕУ и неодамнешните политички развои, како што е Стратешкиот план на Заедничката земјоделска политика на ЕУ (2023–2027) и фокусот и целите на регионалната иницијатива Академија „Од фарма до вилушка“ за Зелениот Западен Балкан. Националниот експерт заедно со Мрежата за рурален развој на Република Северна Македонија (МРР) ги завршија клучните основни задачи, вклучувајќи мапирање на синџирот на вредност и проценки на одржливоста и капацитетите за рурален развој. Водечкиот основен документ е документот и материјалите од претходната фаза на партиципативните консултации и дијалог со граѓанските организации и сите засегнати страни за зајакнување на положбата на земјоделците во синџирот на вредност – национален извештај Северна Македонија (МРР, 2024). Како дел од проектот Академија „Од фарма до вилушка“, оваа фаза од задачата се фокусираше на идентификување на предизвиците и факторите за успех со цел унапредување на зелената транзиција во земјоделството, со посебен акцент на зајакнување на положбата на земјоделските производители во синџирите на вредност — клучна стратешка цел согласно Заедничката земјоделска политика на ЕУ. Преку квалитативен консултативен процес кој вклучуваше пет работилници со засегнатите страни и 104 учесници (септември–ноември 2024), беа собрани сознанија за насочување на политиките во Северна Македонија, користејќи SWOT анализа и идентификација на решенија и препораки, со фокус на прашања поврзани со фер трговски практики, подобрување на одржливоста и зајакнување на пристапот до пазарот, особено во секторите грозје/вино и мед.

Во овој документ за поддршка на развојот на национални политики за одржливи прехранбени синџири, во рамките на проектот Академија „Од фарма до вилушка“, беше спроведен структуриран процес во повеќе чекори, заснован на фазата „Мерење на перформансите“ од развојот на одржливи прехранбени синџири на вредност според ФАО и упатствата обезбедени од регионалниот експерт (Стипешевиќ, 2025). Трите столба на одржливост се разгледуваат и поединечно и во нивното преклопување, при што се признаваат неопходните компромиси и синергии. Нивната интегрирана примена обезбедува усогласеност со еволутивните пазарни стандарди и промовираа создавање вредност преку социјалната и еколошката одржливост. Се земаат во предвид и следат неколку чекори (Стипешевиќ, 2025).

Прво, националниот експерт и Мрежата за рурален развој (МРР) го прегледаа извештајот „Положбата на земјоделците во синџирите на вредност“ (МРР, 2024), во кој беа нагласени економските, социјалните и еколошките влијанија користејќи

метод со кодирање по бои. Потоа, секое поле на влијание беше оценето според нивото на одржливост со користење на дефинирани критериуми и оценување на скала од 1 до 3 (1 – Минимална оценка: елементот не обезбедува, или дури ја намалува одржливоста; 2 – Средна оценка: елементот ниту штети ниту поддржува одржливост; 3 – Максимална оценка: елементот ја подобрува одржливоста).

Таму кадешто информациите беа недоволни, експертите побараа дополнителни податоци и идентификуваа можности за подобрување, често користејќи ги постоечките SWOT анализи и материјалите од консултативните работилници. Овие евалуации ја поттикнаа реорганизацијата на клучните елементи во национални политички предлози, ставајќи акцент на економската одржливост, социјалната инклузија и заштитата на животната средина. Финалните проценки ги опфатија и пошироките цели на стратегијата „Од фарма до вилушка" на ЕУ, вклучувајќи биодиверзитет, адаптација кон климатските промени, безбедност на храната и достапност. Последниот чекор вклучуваше усогласување на препораките со постоечките национални политики и правни рамки, со можност за предлагање регулаторни промени каде што е потребно.

Во согласност со вкупниот опфат на проектот и за да се демонстрира применливоста на методологијата, овој документ со предлог политики се фокусира исклучиво на вредносниот синџир за медот, користејќи го како репрезентативен пример за истражување на клучните предизвици за одржливост и решенија за создавање на политики. Овој таргетиран пристап овозможува подлабока, контекстуално специфична анализа која може да се реплицира или прилагоди за други синџири на вредност во идните национални стратегии.

Овој методолошки пристап го поттикнува развојот на националните стратегии за развој на прехранбени синџири, нудејќи основна рамка за предлог-политики, што овозможува и идно вклучување на напредни принципи од SFVCD, Фазите 2 и 3.

# III. Анализа на националниот вредносен синџир на храна

Вредносниот синџир за медот, приоретизиран во овој документ за предлог-политики е идентификуван преку сеопфатен процес на избор, базиран на истражување на националниот аграрен сектор, во усогласеност со интересите на членовите на Мрежата за рурален развој и координација со учесниците на консултативните работилници (МРР, 2024). Овој насочен пристап осигурува дека препораките за предлог- политики се засновани на секторска релевантност и приоритетите на засегнатите страни, формирајќи силна основа за развој на стратегии за одржливи вредносни синџири на храна кои се усогласени со националните цели и политиките на ЕУ.

Пчеларството има значајна економска и еколошка важност во Северна Македонија, придонесувајќи не само преку производството на мед и други пчелни производи, туку и, со зголемување на приносите од земјоделските култури преку опрашување. Вредноста на земјоделското производство кое е поддржано од опрашувањето значително ја надминува директната вредност на пчелните производи, што ја потврдува стратешката важност на овој сектор. Пчеларството е особено важно во

ридските и планинските региони, каде што алтернативни земјоделски активности се ограничени, нудејќи одржлив извор на приходи во области подложни на депопулација. Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 (МЗШВ, 2021) го препознава потенцијалот и ја нагласува потребата од понатамошна поддршка и интензивирање на пчеларството во следните години.

Бројот на пријавени пчелни колонии се разликува во различни извори. Според Државниот завод за статистика (ДЗС, 2024), бројот на пчелни семејства се движел од 52.897 до 92.968 помеѓу 2012 и 2021 година. Меѓутоа, понови податоци од Агенцијата за храна и ветеринарство (во ДЗС, 2024) покажуваат нагло зголемување, со пријавени 290.879 пчелни кошници во 2022 година и 306.415 во 2023 година. Пчеларството е главно со мал обем и индивидуално, при што 4.913 од 4.916 фарми се управувани од индивидуални сопственици (ДЗС, 2017). Само 2% од пчеларите управуваат со повеќе од 150 колонии и се сметаат за професионалци, додека речиси половина, пчеларството го доживуваат како хоби и одржуваат меѓу 20 и 50 колонии. Дополнително, само 16,5% практикуваат селидбено пчеларство, додека поголемиот дел работат со стационарни пчеларници.

Производството на мед флуктуирало во изминатата деценија, со опсег од 500 до 1.000 тони годишно (Просторен план, 2023). Оваа варијабилност во голема мера се припишува на климатските промени, кои влијаат и на цветните модели на растенија што носат нектар и на опстанокот на пчелните колонии. Евидентирани се значителни зимски загуби на популациите на пчели, што ја поттикна Националната стратегија за земјоделство и рурален развој да се залага за обновување на пчелните залихи и поширока дистрибуција на кошници, особено со користење на локални подвидови како Apis mellifera macedonica, позната по својата отпорност на еколошки стресори (МЗШВ, 2021).

Органското пчеларство нуди можност за одржлив раст на секторот. Во 2023 година во земјата имало 10.800 органски пчелни семејства, што е околу 9% од вкупниот број на национално ниво, а речиси половина од нив сè уште биле во фаза на конверзија. Производството на органски мед е зголемено од 29.705 килограми во 2020 година на 59.152 килограми во 2021 година. Од оваа количина, 27.042 килограми сè уште биле под конверзија (Агенција за храна и ветеринарство, 2022). Овие податоци укажуваат на зголемен интерес за сертифицирани одржливи практики.

И покрај потенцијалот за раст на секторот, трговскиот биланс за мед останува негативен. Во 2023 година, Северна Македонија извезла 105.700 килограми природен мед во вредност од 480.000 евра, додека увозот изнесувал 267.000 килограми, во вредност од 838.000 евра (Државен завод за статистика, 2024). Оваа нерамнотежа укажува на пазарен јаз што може да се реши со зголемување на домашното производство и подобрување на конкурентноста на локалните производители на мед.

Вредносниот синџир за мед во Северна Македонија започнува со набавка на инпути. Ова ги вклучува набавката на пчелни семејства, кошници, пчеларска опрема, лекови и дополнителна храна за пчелите. Оваа фаза често е поддржана од мали, локални добавувачи и е клучна како за новите, така и за постоечките пчеларници кои се шират.

Следна е фазата на примарно производство, каде поединечни пчелари, претежно мали или хоби фармери, ги управуваат пчелните семејства за производство на мед. Активностите вклучуваат одржување на кошниците, контрола на болести, сезонска миграција (за оние што практикуваат селечко пчеларство) и берење мед. Климатските услови, надморската височина и достапноста на флората значително влијаат врз продуктивноста во оваа фаза.

По примарното производство, медот поминува низ фаза на пост-жетвена обработка. Ова ги вклучува процесите на екстракција (вадење на медот од саќето), филтрирање, складирање и пакување. Најчесто, во зависност од обемот на производство, повеќето производители го обработуваат медот на ниво на фарма. Следната фаза е маркетингот и дистрибуцијата. Малите производители често продаваат директно до потрошувачите преку директна продажба или продажба на фармата, локални пазари или саеми. Средните и поголемите производители може да имаат пристап до специјализирани продавници, големопродажни купувачи и малопродажни синџири, а некои се занимаваат и со извоз, главно на ниша пазари или органски мед.

Поддржувачките услуги, вклучувајќи субвенции од владата, ветеринарна поддршка, програми за обука, шеми за сертификација и здруженија на производители, играат пресудна улога низ целиот вредносен синџир. Овие услуги помагаат во решавањето на клучните пречки како што се квалитетот на производот, сертификацијата и пристапот до пазарот. Конечно, крајните потрошувачи купуваат мед за лична потрошувачка, како доминантен сегмент на пазарот, како и за употреба во преработка на храна и во секторот за здравје и благосостојба.




**Figure 1. Honey value chain in North Macedonia**
Source: Own elaboration based on workshops' discussions (RDN, 2024)

Производството на мед во Северна Македонија се поддржува преку различни владини финансиски мерки насочени кон поттикнување на пчеларството. Пчеларите со најмалку 10 пчелни семејства се подобни за директна финансиска поддршка, при што добиваат 600 МКД по кошница за оние со 10 до 50 пчелни семејства, и 800 МКД по кошница за оние со повеќе од 50. За да се квалификуваат, производителите мора да бидат регистрирани или да имаат доставено мед во одобрен објект за преработка. Дополнително, пчеларите имаат право на субвенционирани лабораториски анализи на физичките и хемиските својства на својот мед, со цел да се подржат при процесот на осигурување на квалитетот. Понатаму, регистрираните пчелни фарми лоцирани во населби над 700 метри надморска височина имаат корист од зголемување на субвенциите за 15%, со што се признаваат дополнителните предизвици и еколошките придобивки поврзани со пчеларството на поголема надморска височина.

Со оглед на еколошкото значење, економскиот потенцијал и социјалната релевантност на секторот во руралните области, вредносниот синџир за медот беше избран како стратешки фокус за овој краток осврт кон политиките. Вклучувањето на овој синџир на вредност овозможува таргетирана анализа на предизвиците со кои се соочуваат пчеларите, особено на ниво на производител. Дополнително, оваа анализа служи како основа за предлог политиките чија цел е подобрување на одржливоста, зголемување на домашното производство и зајакнување на севкупната отпорност на руралните живеалишта.

# Национален политички контекст

Овие наоди и анализата претставена во следниот дел може да придонесат кон градење на одржлив вредносен синџир за медот, со цел зајакнување на националната политика во согласност со Стратегијата „Од фарма до вилушка" на Европската комисија и обезбедување основа за конкретни препораки за акција.

Националната политичка рамка во Северна Македонија се базира на Законот за земјоделство и рурален развој (2010) како клучен документ. Моменталниот главен стратешки документ е Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (НСРЗР) за периодот 2021-2027. НСРЗР 2021-2027 е високо усогласена со целите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и се фокусира на три стратешки области:

- подобрување на конкурентноста и одржливоста на приходите на земјоделските стопанства,
- поттикнување на еколошки практики кои придонесуваат кон ублажување и адаптација на климатските промени, и
- обезбедување одржлив рурален развој.

Модернизацијата на секторот преку унапредување и споделување на знаењето, иновациите и дигитализацијата во земјоделството и руралните средини, како и преку поттикнување на нивното прифаќање од страна на земјоделците и другите засегнати страни во секторот, е сеопфатна цел.

Трите стратешки цели се дополнително детално опишани преку девет специфични цели, секоја тесно усогласена со деветте приоритети на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ. Првата стратешка цел се стреми да ја подобри конкурентност

а и одржливоста на приходите на земјоделските стопанства преку насочување на фокусот кон обезбедување одржлив приход, подобрување на пазарната ориентација и зајакнување на позицијата на земјоделците во синџирите на вредност. Втората стратешка цел е насочена кон промоција на еколошки практики за ублажување и адаптација на климатските промени, поттикнување ефикасна употреба на природните ресурси и заштита на биодиверзитетот. Третата стратешка цел е посветена на обезбедување одржлив рурален развој, со цели кои се насочени кон привлекување млади земјоделци, промоција на вработување и локален раст, како и справување со општествените барања поврзани со безбедноста на храната, одржливоста и благосостојбата на животните. Овие цели се тесно усогласени со деветте приоритети на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ. Табелата подолу ги прикажува стратешките и специфичните цели на Националната стратегија за земјоделсво и рурален развој - НСЗРР 2021-2027.

**Табела 1. NARDS 2021-2027 Стратешки и специфични цели на**

| Стратешки цели | Специфични цели |
|---|---|
| Подобрување на конкурентноста и одржливоста на приходите на земјоделските стопанства | СЦ1 - за поддршка на одржливиот приход на земјоделските стопанства поради нивниот придонес во подобрувањето на безбедноста на храната; |
| | СЦ2 - за зајакнување на пазарната ориентација и зголемување на конкурентноста, со посебен фокус на истражувањето, технологијата и дигитализацијата; |
| | СЦ3 - за подобрување на позицијата на земјоделците во синџирите на вредност на земјоделските производи; |
| Промовирање еколошки практики кои придонесуваат кон ублажување и адаптација на климатските промени | СЦ4 - да се придонесе кон ублажување на климатските промени и адаптација кон нив, како и кон поголема употреба на одржлива енергија; |
| | СЦ5 - за поттикнување одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси, како што се водата, почвата и воздухот; |
| | СЦ6 - да се придонесе кон заштита на биолошката разновидност, подобрување на услугите на екосистемите и зачувување на природните живеалишта и пејзажот; |
| Обезбедување одржлив рурален развој | СЦ7 - да се привлечат млади земјоделци и да се олесни процесот на создавање на бизниси во руралните подрачја; |
| | СЦ8 - да се промовира вработувањето, растот, социјалната инклузија и локалниот развој во руралните подрачја, вклучувајќи ја био-економијата и одржливото шумарство; и |
| | СЦ9 - за подобрување на одговорот на земјоделството на општествените барања за безбедност на храната, нутритивен состав, одржливост на храната, намалување на |

Source: NARDS 2021-2027 (2021)

Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 ја истакнува потребата од инвестирање во истражувања и услуги за стручно советување со цел подобрување на адаптивните капацитети и обезбедување поддршка за земјоделците. Меѓутоа, SWOT-анализата на стратегијата ги истакнува клучните слабости, вклучувајќи недостаток на услуги за советување и недостаток на ресурси за обука за одржливо производство, при што влијанијата од климатските промени се идентификувани како една од главните закани, заедно со структурните недостатоци и пазарните ограничувања.

Покрај НСЗРР 2021-2027, Инструментот за предпристапна помош за рурален развој 2021-2027 (ИПАРД III) се фокусира на неколку клучни цели за рурален развој. Тие вклучуваат подобрување на одржливоста и конкурентноста на фармите, како и зајакнување на секторите за земјоделство и преработка на храна. Друга цел е обновување, зачувување и подобрување на екосистемите кои зависат од земјоделството, рибарството и шумарството. Програмата исто така има за цел да промовира балансиран територијален развој во руралните подрачја, обезбедувајќи одржлив раст во различни региони. И конечно, се нагласува преносот на знаење и иновации во земјоделството, шумарството и руралните средини, поттикнувајќи континуирано подобрување и адаптација во овие сектори. Хоризонтално, програмата приоретизира и поддржува проекти водени од жени и млади претприемачи, активни земјоделски стопанства, еколошки корисни активности, иновации, создавање работни места, колективни инвестиции, диверзификација на руралните и планинските подрачја, руралниот туризам, зачувување на културното наследство, зајакнување на човечкиот капитал и развојот на бизнисот во руралните области.

# IV. I.Анализа на перформансите (економски, социјални, еколошки)

Деталниот извештај за позицијата на националните земјоделци во вредносните синџири (МРР, 2024), заедно со други секундарни извори, обезбеди основа за структуирана аналитичка обработка на перформансите на вредносниот синџир за мед преку трите димензии на одржливост (економска, социјална и еколошка), со посебен фокус на оценување на нивото на одржливост (краткорочна, среднорочна или долгорочна изводливост) врз основа на достапните податоци. The scored evaluation of the Measuring Performances Phase across the three sustainability dimensions is assessed based on the data provided in the consultative workshops and literature review using the following scale:

- Минимален резултат 1: Елементот ја намалува или штети на одржливоста
- Среден резултат 2: Елементот има неутрален или мешан ефект врз одржливоста
- Максимален резултат 3: Елементот јасно ја поддржува или ја унапредува одржливоста

## Економско влијание – краткорочна одржливост

Опишаните предизвици и можности со кои се соочуваат локалните земјоделски производители опфаќаат различни економски и структурни потешкотии. Еден значаен проблем е ниската откупна цена што ги засега пчеларите. Истовремено,

трошоците за производство, транспорт, пакување и материјали се зголемени. Пристапот до пазарот е ограничен, бидејќи поголемиот дел од продажбата се одвива преку локални настани и директни трансакции, што укажува на недоволно развиени канали за маркетинг и дистрибуција. Нелојалната конкуренција од увезен, неквалитетен мед дополнително ја ослабува позицијата на локалните производители. Недостигот од работна сила и растечките трошоци за труд исто така претставуваат сериозен проблем. Многу производители се соочуваат со потешкотии при пристап до поволно финансирање поради барањата за обезбедување и неповолните кредитни услови. Инвестициите во секторот се ограничени, а голем дел од инфраструктурата е застарена. Дополнително, нивото на професионални пчелари е ниско, главно затоа што многу лица се занимаваат со пчеларство само повремено

- **Оценка на одржливоста (краткорочна): делумно одрживо.**

Економската одржливост е делумно загрозена. Без системска интервенција, повеќето актери можеби нема да можат профитабилно да го одржат производствениот циклус на подолг рок. Некои може да продолжат, но само како дополнителен приход или преку неформални стратегии за справување.

**Table 2. Economic sustainability performance evaluation**

| Елемент | Евалуација | Оценка |
|---|---|---|
| **Создавање на приход** | Приходите се под притисок поради ниските откупни цени и зголемените трошоци. | **1** |
| **Ниво на приход** | Релативно ниски и нестабилни; земјоделците често пријавуваат минимални профитни маржи. | **2** |
| **Профитабилност** | Профитабилноста е слаба; маржите се стеснети поради високите трошоци за инпут и нелојална конкуренција. | **1** |
| **Пристап до финансирање** | Тешко поради недостаток на обезбедување; повеќето се потпираат на краткорочни кредити со високи каматни стапки. | **1** |
| **Пристап до пазарот** | Ограничен и неформален; доминираат директните продажби и локалните саеми, со малку институционална поддршка. | **2** |
| **Додадена вредност (на пр. брендирање)** | Се покажува одреден потенцијал преку локално брендирање (на пр. Мариовски мед), но уште не е проширен. | **2** |
| **Вработување / стабилност на работното место** | Пчеларството често е повремена активност; сезонската работна сила е ретка и скапа. | **2** |

# Социјален импакт – среднорочна одржливост

Среднорочната одржливост, гледана од перспектива на социјалното влијание, открива неколку сериозни предизвици и ограничени можности. Во однос на инклузивноста и еднаквоста, постојат ограничени пазарни можности и нерамномерна распределба на вредноста, при што постарите земјоделци доминираат во секторот, а вклученоста на младите е слаба. Иселувањето и стареењето претставуваат сериозен предизвик, бидејќи руралната младина продолжува да заминува, што резултира со депопулација на руралните подрачја и ерозија на традиционалното знаење. Институционалната динамика исто така претставува предизвик, обележана со слаба култура на соработка и општа недоверба во институциите. Постои јасен недостаток на ангажман во кооперативните напори и постојана недоверба во формалните системи. Нема пријави за експлицитно небезбедни практики, а земјоделците генерално применуваат добри земјоделски практики. Сепак, постои простор за подобрување во образованието и советодавните услуги, со ограничен пристап до обуки и потреба од поинтензивна комуникација на релевантните политики. Земјоделците често се чувствуваат маргинализирани во однос на распределбата на додадената вредност, без преговарачка моќ во механизмите за формирање цени. Иако постојат иницијативи за брендирање и диференцијација на производите, напредокот е бавен и фрагментиран.

- **Оценка на одржливоста (среднорочна): делумно одржливо.**

Среднорочната одржливост на вредносниот синџир за медот може да биде загрозена доколку не се преземат посилни напори за инвестирање во човечкиот капитал, зајакнување на институционалната поддршка и подобрување на егзистенцијата во руралните региони. Иако се спроведуваат одредени иницијативи, долгорочниот успех на секторот зависи од покоординирани активности. Тоа вклучува проширување на пристапот до технички обуки и советодавни услуги прилагодени за пчеларството и производството на мед, како и обезбедување соодветна техничка литература достапна на мајчин јазик. Градењето доверба во локалните институции и поттикнувањето на формирање задруги или здруженија на производители може да помогне во подобрувањето на соработката и пристапот до пазарот. Вклучувањето на младите и создавањето правични можности во рамки на вредносниот синџир исто така е клучно за справување со тековните предизвици како што се стареењето на населението и иселувањето од руралните средини.

**Табела 3. Евалуација на перформансите за социјална одржливост**

| Елемент | Евалуација | Оценка |
|---|---|---|
| **Инклузивност (млади, жени)** | Стареење на населението, младите не сакаат да останат или да учествуваат во земјоделството. | 1 |
| **Еднаквост / распределба на вредноста** | На земјоделците им недостасува преговарачка моќ; непропорционален дел од вредноста ја добиваат посредниците или купувачите. | 1 |
| **Услови за работа** | Прифатливо во повеќето случаи, но зголемените трошоци за работна сила и недостатокот на работници предизвикуваат стрес и преголем обем на работа. | 2 |
| **Социјални институции и задруги** | Некој напредок во градењето доверба и култура на соработка, но сè уште нема формални, пошироко распространети задружни модели. | 2 |
| **Штетни практики** | Нема пријавено посериозни неприфатливи практики. | 3 |
| **Пристап до социјална инфраструктура** | Ограничен квалитет на живот и пристап до рурална инфраструктура (физичка инфраструктура, здравствена заштита, образование, социјални активности итн.); релативно добра интернет конекција во руралните подрачја. | 2 |
| **Усогласеност со културни и социјални норми** | Производството генерално ги почитува локалните традиции и културни преференции. | 3 |

# Еколошко влијание – долгорочна одржливост

Вредносниот синџир за медот се соочува со неколку долгорочни еколошки предизвици кои можат значително да ја загрозат неговата одржливост. Климатските промени веќе имаат видливи ефекти, со документирани промени во циклусите на берба и забележителни намалувања на продуктивноста, особено поради повторувачки суши и шумски пожари. Овие еколошки стресори дополнително го оптоваруваат пчеларството и производството на мед.

Загадувањето и губењето на биолошката разновидност се исто така нови предизвици. Пчелите се сè повеќе изложени на пестициди, а тоа, заедно со намалената разновидност, придонесува за влошување на здравјето на опрашувачите и целокупната рамнотежа на екосистемот. Деградацијата на почвата и водата се дополнителни проблеми кои генерално влијаат на секторот.
Постојат одредени позитивни еколошки практики во секторот, како што се методите на органско производство, но други, како што се стратегиите за одржливо управување со земјиштето, сè уште не се системски планирани или имплементирани. Има индикации кои укажуваат на влијанија поврзани со климата, како што се: пониски приноси, порано цветање и проблеми со здравјето на пчелите. Нема докази за систематски мониторинг или спроведување на мерки за ублажување и адаптација. Дополнително, нема пријавена примена на климатски паметни технологии или технологии со ниски емисии, што укажува на потреба од поголема свест, поддршка и инвестиции за справување со овие сериозни еколошки проблеми.

- **Оценка на одржливоста (долгорочна): сè уште не е одржливо.**

Еколошките предизвици, како што се продолжените суши и губењето на биодиверзитетот, стануваат сè поочигледни во вредносниот синџир за медот и иако овие прашања се загрижувачки, моменталните одговори се ограничени и фрагментирани. Се зголемува свесноста за влијанието на еколошката деградација врз пчеларството и производството на мед, но сè уште недостасуваат сеопфатни стратегии за ефективно справување со овие предизвици.
Во моментов, систематското собирање податоци поврзани со здравјето на почвата, биодиверзитетот и климатските влијанија е многу ограничено. Покрај тоа, практиките за адаптација како диверзификација на културите/дрвјата, техники за подобрување на почвата, интегрирано управување со штетници, агрошумарството и многу други потенцијални стратегии не се широко усвоени или промовирани. Без посилно еколошко мониторирање и таргетирана поддршка за одржливи практики, долгорочната еколошка отпорност на вредносниот синџир за мед може тешко да се обезбеди. Сепак, со соодветни инвестиции во адаптација на климатските промени, еколошка рехабилитација и одржливо користење на земјиштето, постои потенцијал постепено да се подобри еколошката одржливост и да се намали ранливоста во целиот сектор.

**Table 4. Environmental sustainability performance evaluation**

| Елемент | Евалуација | Оценка |
|---|---|---|
| **Квалитет на почвата** | Докази за деградација; нема спомнати практики за обновување или заштита на здравјето на почвата. | □ |
| **Достапност и квалитет на вода** | Загриженост за недостиг и квалитетот на вода; нема воспоставени системи за следење или управување. | □ |
| **Загадување на воздухот** | Не е директно адресирано, но близината до каменоломи и употребата на пестициди претставува загриженост. | □ |
| **Биодиверзитет (флора/фауна)** | Забележан е негативен ефект (на пример, губење на разновидноста на цвеќиња, опаѓање на бројот на опрашувачи). | □ |
| **Адаптација на климатски промени / отпорност** | Висока свесност, но малку докази за структурирани планови за адаптација или поддршка преку изградба на капацитети и советодавни услуги. | □ |
| **Управување со отпад** | Нема информации и мал интерес/свесност за отпадот (на пример, од пакување), остатоците од агрохемикалии или ракувањето со органски отпад. | □ |
| **Зелени практики (на пример, органски)** | Сè повеќе се усвојуваат; постои интерес за органско производство и брендирање, но главниот проблем е сè уште недоволно развиениот пазар. | □ |

Следната табела со резиме претставува интегрирана евалуација на перформансите за економска, социјална и еколошка одржливост на тековниот вредносен синџир на мед, врз основа на достапните податоци од консултациите со засегнатите страни и дијагностиката на вредносниот синџир. Оценувањето ја отсликува способноста на секоја димензија да придонесе за вкупната одржливост и отпорност на вредносниот синџир на краток, среден и долг рок.

**Табела 5. Резиме на евалуацијата на одржливоста на вредносниот синџир на медот преку економската, социјалната и еколошката димензија**

| Димензија | Вкупна проценка | Интерпретација |
|---|---|---|
| **Економски** | 1-2<br>(минимум до средно) | Тековната структура на вредносниот синџир не е финансиски одржлива за повеќето земјоделци. |
| **Социјален** | 2<br>(средно) | Некои елементи се неутрални или во подобрување, но вклученоста и праведноста бараат значителна работа. |
| **Еколошки** | 1-2<br>(минимум до средно) | Долгорочната одржливост е загрозена поради деградација и недостаток на адаптација. |

Економската димензија покажува резултат од минимум до средно, што укажува на сериозни структурни слабости. Земјоделците се соочуваат со постојано ниски цени за откуп, зголемени трошоци за ресурси, ограничен пристап до пазарот и недостаток на преговарачка моќ, што го отежнува одржувањето на профитабилноста и повторното вложување во производството. Повеќето земјоделци не се економски одржливи повеќе од еден производствен циклус, особено доколку немаат надворешна финансиска или политичка поддршка.

Социјалната димензија е оценета со среден резултат. Секторот се соочува со значајни предизвици: младите го напуштаат земјоделството, учеството на жените останува ниско, а услугите во руралните средини се недоволно развиени. Недостатокот на праведна распределба на вредноста и недовербата во институциите дополнително ја загрозуваат долгорочната социјална одржливост на вредносниот синџир за медот. Сепак, некои нови практики како брендирање, локален идентитет на производот и разговори за здружување обезбедуваат умерена поддршка за инклузивен развој, доколку се соодветно поддржани.

Еколошката димензија исто така покажува резултат од минимум до средно, бидејќи тековните практики придонесуваат кон долгорочна деградација ако не се насочат повеќе кон одржливост. Има знаци на опаѓање на квалитетот на почвата, намалена биолошка разновидност, ризици за опрашувачите поврзани со пестициди и недоволна адаптација кон климатските промени. Земјоделците се свесни за проблемите, но усвојувањето на одржливи практики останува ниско поради недостаток на знаење, обуки, поддршка и поттик.

# V. Национални предлог- политики за одржливи синџири на храна

Вредносниот синџир на медот игра значајна улога во унапредувањето на одржливите системи за храна, тесно усогласувајќи се со главните барања за одржливи системи за храна содржани во стратегијата на ЕУ „Од фарма до вилушка“. Прво, за да се справи со влијанието врз животната средина, клучно е усвојувањето на агро-еколошки практики како што се диверзификација на културите, намалување на хемиските внесувања и органско земјоделство, заедно со подобро управување со водните ресурси и зачувување на живеалиштата. Второ, интегрирањето на (агро)шумарски системи и засадување дрвја богати со нектар може да придонесат кон подобрување на живеалиштето на опрашувачите и на тој начин да се стабилизира производството на мед. Јавните едукативни кампањи можат да ја зголемат свеста за важноста на еколошкото зачувување. Трето, во услови на климатски промени, секторот за мед е ранлив на екстремни временски услови и променливи модели, нагласувајќи ја потребата од климатски паметно земјоделство, подобрена инфраструктура, адаптивни технологии и обука на земјоделците за градење отпорност и одржување на продуктивноста. Четврто, вредносниот синџир на мед може да придонесе за подобрување на исхраната и јавното здравје преку обезбедување природен и хранлив извор на храна. Засилувањето на стандардите за безбедност на храната, промовирањето на здрав начин на исхрана и диета, како и поддршка на домашното производство на мед може да ја подобрат безбедноста на храната и правичниот пристап, особено во рурални или недоволно опслужени области. Конечно, за да се промовира економска праведност и достапност, секторот на мед мора да се справи со нестабилноста на цените и нееднаквата распределба на профитот. Механизмите за фер цени, зголемената транспарентност на пазарот и поддршката на здруженијата и производителите од мали размери можат да ја подобрат стабилноста на приходите и да обезбедат одржливиот мед да остане достапен за потрошувачите, истовремено генерирајќи фер поврат. Заедно, овие таргетирани интервенции можат да го направат вредносниот синџир на мед конкретен и разбирлив пример за тоа како агро-прехранбените системи може да се трансформираат во поодржливи, поинклузивни и поотпорни.

## Препораки за подобрување на рамката за пчеларскиот вредносен синџир

Вредносниот синџир на медот има значаен потенцијал за придонес кон одржливиот рурален развој, зачувувањето на животната средина и отпорноста на прехранбениот систем. Сепак, реализацијата на овој потенцијал бара насочени политички интервенции што ќе ги решат постојните празнини и ќе ги подобрат целокупните перформанси и одржливоста на синџирот. Следните препораки за подобрување на рамката се предложени за да ги водат националните и локалните засегнати страни во зајакнувањето на економската одржливост, промовирањето на социјалната инклузија и обезбедувањето заштита на животната средина во сите фази на производство, преработка и маркетинг на мед.

**Економска одржливост (краткорочна исплатливост)**

- Воведување на стандардизиран алат за следење на приходи за пчеларите и чинителите во синџирот на вредност на медот: следење на принос на мед, трошоци за производство (на пр. одржување на кошници, транспорт) и продажба (суров наспроти преработен мед).
- Мапирање на распределбата на приходи низ синџирот на вредност на медот: идентификација на тоа кој заработува колкав дел од крајната малопродажна цена на медот (на пр. пчелар, собирач, пакувач, продавач).
- Воспоставување на клучни индикатори за перформанси, како што се: раст на приходи (%) кај пчеларите во краткорочен и среднорочен период, како и споредба на трошоците за производство по килограм мед со пазарната цена.
- Следење на подобрувањата во пристапот до пазар, преку евиденција на бројот на нови купувачи (локални, регионални, меѓународни), добиени сертификати (органски, системи за следливост), и диверзификација на производи базирани на мед (восок, прополис, козметика).
- Спроведување на анализа на трошоци и добивки од иницијативи за брендирање (на пр. ознаки за географско потекло или еко-означување) или од преработка со додадена вредност (на пр. крем мед, ароматизиран мед и сл.).

**Социјална одржливост (среднорочна исплатливост)**

- Спроведување анкети за прибирање податоци за приходите од пчеларството, работното време вложено од страна на членовите на семејството, сезонските варијации и други клучни информации.
- Следење на клучни социјални индикатори, вклучително и: процентот од вредноста на медот што останува кај примарните производители, процентот на домаќинства кои пријавуваат стабилност или подобрување на приходите од продажбата на мед во краток и среден рок, процентот на млади и жени како пчелари и на лидерски позиции во здруженијата за мед.
- Следење на социјалната прифатливост, безбедноста и стандардите за работна сила.
- Проценка на влијанието на задругите/производствените организации, на пример, преку споредба на приходи помеѓу членови и нечленови, како и нивото на транспарентност и инклузивност при одредување на цената на медот и донесување одлуки.
- Следење на нивото на образование и вештини, дигитална писменост, пристап до советодавни услуги и програми за обука.

**Еколошка одржливост (долгорочна исплатливост)**

- Воведување и редовно ажурирање на основни податоци и следење на еколошки индикатори, како што се: разновидност на опрашувачи (број на видови пчели, продуктивност на кошниците, случаи на колапс на колонии), состојба на цветни ресурси, остатоци од пестициди во медот или податоци за смртност кај пчелите.
- Промовирање на одржливи пчеларски практики, како што се органско производство, пошумување со соодветни видови дрвја, агрошумарски модели кои интегрираат растенија богати со нектар, и стратегии за намалување на притисокот врз поединечни екосистеми.
- Поврзување на еколошките индикатори со пазарни поттикнувања, како што се еко-сертификации, „зелено“ брендирање и слично.

# VI. Заклучок

Вредносниот синџир на медот вклучува разновиден сет на актери, вклучувајќи пчелари, добавувачи на влезни материјали, преработувачи, трговци на големо и трговци на мало, секој од нив придонесувајќи за протокот на производи од кошницата до пазарот. Пчеларството е често нискобуџетна, климатски отпорна активност што ги поддржува руралните приходи за живот, особено во областите со ограничен земјоделски потенцијал. Вредноста на медот се протега подалеку од суровиот производ, па сè до нуспроизводи како што се пчелин восок, прополис и матичен млеч, кои нудат можности за диверзификација и додавање вредност. И покрај неговиот потенцијал, вредносниот синџир на медот често е ограничен од ниска продуктивност, слаби пазарни врски, нефер практики (како што се лажен мед и практики на нефер конкуренција), ограничен пристап до квалитетни влезни материјали, ограничувачка регулаторна рамка итн. Зајакнувањето на овој синџир преку подобрена инфраструктура, сертификација и кооперативни модели може да ги зголеми приходите, да го промовира биодиверзитетот и да придонесе за одржлив рурален развој.

Примената на структурирана рамка за одржливост во вредносниот синџир на медот овозможува пристап кон развојот на вредносен синџир базиран на докази, инклузивност и ориентиран кон влијание. Таквата рамка поддржува поинформирано донесување одлуки за креаторите на политики, развојните партнери, производителите и актерите од приватниот сектор преку идентификување на специфични економски, социјални и еколошки празнини и предлагање на акциони препораки. Поефективно следење на приходите, подобрувањето на застапеноста на маргинализираните групи и следењето на еколошките перформанси не само што ја зголемуваат отпорноста на производителите на мед, туку придонесуваат и за долгорочна одржливост на целиот вредносен синџир. Покрај тоа, употребата на клучни индикатори за перформанси и стандардизирани алатки и практики за следење гарантира дека напредокот може да се мери конзистентно со текот на времето. Ова овозможува адаптивно управување и можност за поефикасно насочување на интервенциите.

Предложените препораки за подобрување на рамката се прилагодени на вредносниот синџир на медот, но нејзината структура и индикатори се широко применливи и во други земјоделски синџири на вредност. Пристапот на одржливост на три нивоа, кој ги опфаќа економските, социјалните и еколошките димензии, обезбедува флексибилна и холистичка методологија. Со прилагодување на конкретните метрики според специфичната динамика на секој поединечен синџир, засегнатите страни можат систематски да ги идентификуваат празнините, да го следат напредокот и да дизајнираат интервенции што се релевантни за контекстот и насочени кон резултати.

# VII. Референци


Aramyan L. H., van Galen M. A., Logatcheva K., Herceglic N., Stamenkovska I.J., Ali Koç A., Kovacevic V., Markovic M., Martinovska Stojceska A., and Zhllima E. 2024 Comparative analysis of the socio-economic developments and competitiveness of the agri-food sector at a sectoral and macro level in the pre-accession countries. European Commision. https://research.wur.nl/en/publications/comparative-analysis-of-the-socio-economic-developments-and-compe-3

AAEM 2022. Country report organic North Macedonia 2022. Association of Agricultural Economists of the Republic of North Macedonia, EcoCconnect. http://www.ekoconnect.org/tl_files/eko/p/Projekte/MOE-Laenderberichte/Country-Report-Organic-NORTH-MECEDONIA-EkoConnect-2022.pdf

Daniloska N., Petkovska-Mirchevska T., Hadzi Naumova-Mihajlovska K., 2017. Economic sustainability of organic food production: Research on organic food consumer behavior in the Republic of Macedonia. IV. International symposium on accounting and finance, Cohosted by MUFAD, Uludag University, St Cyril and Methodius University Skopje Institute of Economics, Ohrid, 3-5 July 2017, 22-26.

EC 2019. The European Green Deal. https://commission.europa.eu/publications/communication-european-green-deal_en

EC 2020. A Farm to Fork Strategy for a fair, healthy and environmentally-friendly food system. https://eur-lex.europa.eu/resource.html?uri=cellar:ea0f9f73-9ab2-11ea-9d2d-01aa75ed71a1.0001.02/DOC_1&format=PDF

EC 2023. Strategy and Reports, EU Enlargement package 2023 – country progress reports. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/strategy-and-reports_en

FAO 2014. Developing sustainable food value chains – Guiding principles. Rome

FiBL 2024. FiBL Statistics. https://statistics.fibl.org/ Date accessed: 20/06/2024

GAWB Action Plan for the Implementation of the Sofia Declaration on the Green Agenda for the Western Balkans 2021-2030, 2021. Regional Cooperation Council (RCC), Sarajevo.

Gjosevski, D., Dimitrievski, D., Martinovska Stojcheska, A., Kotevska, A., 2024. Assessment of the impact of the financial support of the vineyard and wine sector. Prepared by the Association of Agricultural Economists of North Macedonia, within the the project: "Geographical indication for wine production in the Republic of North Macedonia" with the support of Tikvesh AD Kavadarci and Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ)

MAFWE 2013. National Plan for Organic Production 2013 - 2020. Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy. Republic of North Macedonia. Printed version Scopje.

MAFWE 2021. National Agricultural and Rural Development Strategy 2021-2027. Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy of the Republic of North Macedonia.

MAFWE 2023. Strategy for viticulture and wine production 2023-2033. Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy of the Republic of North Macedonia.

Martinovska Stojcheska, A., Kotevska A., Stamenkovska Janeska I., Dimitrievski D., Zhllima E., Vaško Ž., Bajramović S., Kerolli-Mustafa M., Marković M., Kovacević V., Ali Koç A., Ahmet B., 2024. Recent Agricultural Policy Developments in the Context of the EU Approximation Process in the Pre-accession Countries. Martinovska Stojcheska A., Kotevska A., Kasimis C., Pavloska – Gjorgjieska D., editor (s), European Commission. doi:10.2762/638991.

Martinovska Stojcheska A., Kotevska A., Stamenkovska I. J., 2018. Motivations and obstacles for organic farming in Macedonia. International Conference "European agriculture and food value chain: dynamics and innovations". October 22-24, 2018, Sofia, Bulgaria.

OECD (2024), Western Balkans Competitiveness Outlook 2024: Regional Profile, Competitiveness and Private Sector Development, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/170b0e53-en.

RCC 2021. Green Agenda for the Western Balkans 2020. https://www.rcc.int/priority_areas/12/

RDN, Martinovska Stojcheska, A. 2024. Participatory CSOs and stakeholder consultation and dialogue toward strengthening the position of farmers in the value chain. National Report North Macedonia. Farm to Fork Academy project, Rural Development Network of the Republic of North Macedonia.

SSO 2017. Structure and typology of agricultural holdings, Farm Structure Survey 2016. Skopje: State Statistical Office of the Republic of North Macedonia.

SSO 2024a. MakStat Statistical Database. Skopje: State Statistical Office of the Republic of North Macedonia.

SSO 2024b. Economic Accounts in Agriculture for 2022. Skopje: State Statistical Office of the Republic of North Macedonia.

Spatial plan of the Republic of North Macedonia 2021-2040, 2023. Agriculture and agricultural land. Agency for spatial planning, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje.

SWG 2022. State of art of the organic agriculture in the Western Balkans. Skopje: Standing Working Group for Regional Rural Development.

Stipešević, B. (2025) Integration of FAO's 10 principles of sustainable food value chain development (SFVCD) for 6WB countries National policy for sustainable food chain proposals. Guilelines for preparation of National policy on sustainable food systems and livelihoods in rural areas - Policy recommendations document. Farm to Fork academy.

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Мрежата за рурален развој на Северна Македонија и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.“**